# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.129 од 31.07.2015 година**

## Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14 и 44/15) во членот 150 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите "7.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."
Во ставот (3) зборовите "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите "2.000 до 3.500 евра".

## Член 2

Во членот 151 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "2.000 до 4.000 евра" се заменуваат со зборовите "4.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

## Член 3

Во членот 151-а во ставот (1) зборовите "7.000 до 9.000 евра" се заменуваат со зборовите "9.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."
Во ставот (3) зборовите "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите "2.500 до 4.500 евра".

## Член 4

Во членот 151-б во ставот (1) зборовите "2.000 до 3.000 евра" се заменуваат со зборовите "3.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

## Член 5

Во членот 152 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите "7.000 евра".
Точката 3) се менува и гласи: "изработи односно завери проектна документација спротивно на законските прописи."
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 6**

Во членот 152-а во ставот (1) зборовите "15.000 до 21.000 евра" се заменуваат со зборовите "21.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 7**

Во членот 153 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите "2.000 до 3.500 евра".

**Член 8**

Во членот 153-а зборовите "9.000 до 15.000 евра" се заменуваат со зборовите "6.500 до 10.500 евра".

**Член 9**

Во членот 154 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите "7.000 евра".
Точката 3) се менува и гласи: "изработи односно завери извештај за ревизија на проектна документација спротивно на законските прописи."
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 10**

Во членот 154-а во ставот (1) зборовите "15.000 до 21.000 евра" се заменуваат со зборовите "21.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 11**

Во членот 155 зборовите "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите "2.000 до 3.500 евра".

**Член 12**

Во членот 155-а зборовите "9.000 до 15.000 евра" се заменуваат со зборовите "6.500 до 10.500 евра".

**Член 13**

Во членот 156 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "7.000 до 9.000 евра" се заменуваат со зборовите "9.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."
По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
"(3) Глоба во износ од 2.500 до 4.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на инженер за изведба за прекршокот од став (1) точки 2, 3, 4, 6 и 7на овој член."

**Член 14**

Во членот 156-а во ставот (1) во воведната реченица зборовите "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите "7.000 евра".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Глоба во износ од 2.000 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на инженер за изведба за прекршокот од став (1) точки 1, 2, 3, 4, и 5 на овој член."

**Член 15**

Во членот 156-б во ставот (1) во воведната реченица зборовите "2.000 до 4.000 евра" се заменуваат со зборовите "4.000 евра".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на инженер за изведба за прекршокот од став (1) точки 1, 2, 3, 4, и 5 на овој член."

**Член 16**

Во членот 156-в во ставот (1) зборовите "15.000 до 17.000 евра" се заменуваат со зборовите "17.000 евра".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 17**

Во членот 156-г зборовите "7.000 до 9.000 евра" се заменуваат со зборовите "5.000 до 8.500 евра".

**Член 18**

Во членот 156-ѓ во ставот (1) зборовите "15.000 до 17.000 евра" се заменуваат со зборовите "17.000 евра".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Глоба во износ од 5.000 до 8.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на инженер за изведба за прекршокот од став (1) на овој член."

**Член 19**

Во членот 156-е во ставот (1) зборовите "15.000 до 17.000 евра" се заменуваат со зборовите "17.000 евра".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 20**

Во членот 156-ж зборовите "7.000 до 9.000 евра" се заменуваат со зборовите "5.000 до 8.500 евра".

**Член 21**

Членот 157 се менува и гласи:
"Глоба во износ од 2.500 до 4.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на инженер за изведба доколку раководи со изградбата на градбата без да има овластување за инженер за изведба согласно членот 31 став (1) на овој закон."

**Член 22**

Во членот 158 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "7.000 до 9.000 евра" се заменуваат со зборовите "9.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 23**

Во членот 159 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите "2.500 до 4.500 евра".

**Член 24**

Во членот 159-а во ставот (1) зборовите "15.000 до 17.000 евра" се заменуваат со зборовите "17.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во субјектот кој врши научноистражувачка дејност – научен институт специјализиран во областа на заштита на градби од сеизмички влијанија."
Во ставот (3) зборовите "7.000 до 9.000 евра" се заменуваат со зборовите "5.000 до 8.500 евра".

**Член 25**

Во членот 159-б во ставот (1) зборовите "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите "5.000 евра".
Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 26**

Во членот 160 во ставот (1) зборовите "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите "5.000 евра".
Во ставот (2) зборовите "1.000 до 3.000 евра" се заменуваат со зборовите "1.000 до 2.500 евра".
Ставот (3) се менува и гласи:
"(3)Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице-учесник во изградбата на градби од прва категорија од членот 57 на овој закон, ако го попречува инспекцискиот надзор или не овозможи увид во документацијата (член 131 став (3))."
По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

"(4) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршоците од ставовите (1) и (3) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 27**

Членот 160-а се менува и гласи:

"(1)Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице - инвеститор и изведувач ако продолжат со изградбата на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон и изведувањето на одделни работи во случаите кога е донесено решение за прекинување на изградбата (член 133 став (1)) и по затворањето на градилиштето (член 136 став (1)).

(2)Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - инвеститор, за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3)Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице-учесник во изградбата на градби од втора категорија од членот 57 на овој закон, ако го попречува инспекцискиот надзор или не овозможи увид во документацијата (член 131 став (3)).

(4) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршкоците од ставовите (1) и (3) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 28**

Во членот 161 во ставот (1) во воведната реченица зборовите "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите "5.000 евра".

Во ставот (2) зборовите "1.000 до 3.000 евра" се заменуваат со зборовите "1.000 до 2.500 евра".

По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 29**

Членот 161-а се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице и на трговец поединец, доколку постави урбана опрема – тераси со или без настрешници и покриени или непокриени шанкови, без одобрение за поставување на урбана опрема или спротивно на одобрението за поставување на урбана опрема.

(2)Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице и одговорното лице во трговецот поединец.

(3) Глоба во износ од 2.000 до 3.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на физичко лице, за прекршокот од ставот (1) на овој член."

**Член 30**

Во членот 161-б во ставот (1) зборовите "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите "7.000 евра".

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Во ставот (3) зборовите "4.000 до 6.000 евра" се заменуваат со зборовите "2.000 до 3.500 евра".

Во ставот (4) зборовите "5.000 до 7.000 евра" се заменуваат со зборовите "6.000 евра".

**Член 31**

Членот 161-в се менува и гласи:
"1) Глоба во износ од 12.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице сопственик на објект ако изврши пренамена на посебен дел од објект, стан или дел од стан, без издадено одобрение за пренамена (член 97 ставови (2) и (3)).
(2) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.
(3) Глоба во износ од 3.500 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице сопственик на објект за прекршокот од ставот (1) на овој член."

**Член 32**

Во членот 162 во ставот (1) зборовите "1.000 до 2.000 евра" се заменуваат со зборовите "2.000 евра".
Ставот (3) се менува и гласи:
"(3) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 33**

Во членот 162-а во ставот (1) зборовите "3.000 до 5.000 евра" се заменуваат со зборовите "5.000 евра".
Во ставот (2) зборовите "1.000 до 3.000 евра" се заменуваат со зборовите "1.000 до 2.500 евра".
По ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:
"(3) Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 34**

Членот 162-б се менува и гласи:
"(1)Глоба во износ од 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - сопственик на објект со јавна намена, доколку не постапи согласно со членот 170 од овој закон.
(2)Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице - сопственик на објект со јавна намена, доколку не постапи согласно членот 11-б на овој закон.
(3)Глоба во висина од 30% од одмерената казна за правното лице, ќе му се изрече за прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 35**

По членот 163-а се додава нов член 163-б кој гласи:

**"Член 163-б**

(1)Надлежен орган за спроведување на прекршочната постапка за прекршоците утврдени со овој закон е надлежен суд, освен за прекршоците утврдени во член 151-б став (3) на овој закон, член 160-а став (2) на овој закон и член 162 став (2) на овој закон, за кои надлежен орган е комисија за прекршоци формирана од

министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.
(2)Против одлуката на комисијата од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката."

**Член 36**

Во членот 164 став (1) точката се брише и се додаваат зборовите "односно прекршочен орган."
Во ставот (2) точката се брише и се додаваат зборовите "односно прекршочен орган."

**Член 37**

Во членот 165 во ставот (1) во втората реченица зборовите "платен налог" се заменуваат со зборовите "прекршочен платен налог", а во третата реченица зборовите "платниот налог" се заменуваат со "прекршочниот платен налог".
Во ставот (2) зборовите "платниот налог" се заменуваат со зборовите "прекршочниот платен налог."
По ставот (3) се додаваат четири нови става (4), (5), (6) и (7) кои гласат:
"(4)Надлежните инспектори од членот 128 се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(5)Во евиденцијата од ставот (4) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(6)Личните податоци од ставот (5) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(7)Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот."

**Член 38**

По членот 165 додава нов член 165-а кој гласи:

**"Член 165-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците."

**Член 39**

Подзаконскиот акт од членот 36 на овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 40**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за градење.

**Член 41**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".